*Република Северна Македонија*
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА***
*Бр. 05-1517/1*
*11.05.2020 2020 година*
*Скопје*

*Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година, **по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски** ја донесе следната:*

***ОДЛУКА***
***за јавна набавка***

*1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за доделување на договор за јавна набавка на услуги и тоа: набавка на услуги -* Осигурување на движен и недвижен имот за потребите на Министерство за правда.

*1.1.Предмет (вид) на набавка:* набавка на услуги и тоа: набавка на услуги - Осигурување на движен и недвижен имот за потребите на Министерство за правда.

*1.2. Предметот на набавка не е деллив:*
*Предметот на набавката е неделлив бидејќи за услуга од овој вид не е целисходно постапката да биде деллива, со оглед на тоа што услугите кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор.*

*2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 300.000,00 денари без вклучен ДДВ.*
*Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 425 - Договорни услуги, средства предвидени во буџетот на Министерство за правда за 2020/2021 година.*

*3. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка*

*Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка од мала вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас*

Digitally signed by
Oliver Ristovski
Date: 2020.05.11
10:17:39 CEST

со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 е економски најповолна понуда која се утврдува врз основа на најдобар однос на цената и квалитетот, по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.**

5. Плаќањето на предметот на набавка ќе се изврши вирмански со доставување на фактура во законски утврдениот рок во архивата на Министерство за правда.

6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.

7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:

| |
|---|
| 1. Петар Мирковиќ - **претседател на комисија за јавни набавки** |
| 2. Насер Ќамили –**член на комисија за јавни набавки** |
| 3. Орхан Сулимани - **член на комисија за јавни набавки** |

| |
|---|
| 4. Ацо Живковски - **заменик претседател на комисија за јавни набавки** |
| 5. Никола Бабановски – заменик член на комисија за јавни набавки |
| 6. Александар Тодоровски – заменик член на комисија за јавни набавки |

8. Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
9. За донесената Одлука за јавна набавка да се извести претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.
10. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-13/1 од 02/01.2020 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка од

мала вредност за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предмет на набавка е набавка на услуги – Осигурување на движен и недвижен имот за потребите на Министерство за правда.

Предметот на набавка не е деллив:

Предметот на набавката е неделлив бидејќи за услуга од овој вид не е целисходно постапката да биде деллива, со оглед на тоа што услугите кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор.

За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 300.000,00 денари без вклучен ДДВ.Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 425 – Договорни услуги, средства предвидени во буџетот на Министерство за правда за 2020/2021 година.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Подготвил: Марина Миновска, советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, раководител на одделение
Одобрил: Убавка Матевска Скаловска, раководител на сектор